**ПОДДРЖИ ВКЛУЧЕНОСТ**
**ОСИГУРАЈ ПРАВДА**
**ПОТТИКНИ ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

## ДАДИ ПРИДОНЕС – ДОНИРАЈ ЗА ЕСЕ!

Со вашата донација овозможувате подобар пристап до здравствена заштита, економска независност на жените што претрпеле семејно насилство и нивна интеграција на пазарот на труд. Истовремено, помагате во унапредување на правната заштита и отстранување на бариерите што ги спречуваат ранливите групи да ги остварат своите права.

**ДАДИ СВОЈ ПРИДОНЕС**




**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**
ул. Максим Горки 20-1-4, Скопје
esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024

# За ЕСЕ



ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р.С. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените.

Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат.
Но, уште повеќе, работиме на менување на законите и политиките на национално, регионално и меѓународно ниво.

# Почитувани,

Најновите случувања уште еднаш ја потврдија важноста на социјалната правда, човековите права и институционалната отчетност. Во 2024 година, економските и социјалните разлики продолжија да се продлабочуваат, а ранливите заедници – особено жените и Ромите – и понатаму се соочуваат со системски бариери во пристапот до здравствена заштита, правда и економски можности. Истовремено, недоволната фискална транспарентност и ограничениот пристап до информации за трошењето на јавните средства ги намалуваат можностите граѓаните да бараат отчетност и влијаат врз креирањето на политики што одговараат на нивните потреби.

Во 2024 година, ја проширивме Европската мрежа на практичари, вклучувајќи осум нови организации и објавувајќи 12 ресурсни материјали за правно зајакнување и социјална отчетност. Издадовме два билтена и организиравме онлајн обука за ментално здравје и застапување и вебинар за насилството врз деца и раните бракови. Ги разобличивме слабостите на здравствените политики со анализи на мерките и буџетите за 2019–2024 и подготвивме публикација со препораки за четири клучни здравствени програми. Застапувавме пред Министерот за здравство, барајќи подобро планирање и транспарентност во спроведувањето на превентивните програми. Влијаевме врз национални и меѓународни процеси – се изборивме за подобрување на правата на жените земјоделки во Собранието на РСМ, учествувавме во креирањето на стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје и ја зајакнавме регионалната соработка преку мрежата АСТРА. Придонесовме во процесот на СЗО за мапирање на потребите на заедниците на Балканот, обезбедувајќи релевантни податоци и препораки за подобрување на пристапот до здравствена заштита. Го објавивме „Здравствениот барометар", регионална анализа што открива клучни здравствени индикатори и идентификува приоритети за унапредување на здравствените политики.

Направивме значителни чекори кон подобрување на пристапот до правда за ранливите групи, особено за жените што претрпеле семејно насилство. Обезбедивме правна и психолошка поддршка за над 200 лица, застапувавме жртви во судски постапки и ја подобривме достапноста на правни информации преку нашата платформа побарајсовет.мк. Работевме на зајакнување на институциите, обучувајќи полициски службеници и правни практичари, а преку учество во национални и меѓународни процеси, придонесовме кон унапредување на политиките и законите за заштита на жените. Нашите анализи и препораки беа дел од Годишниот извештај на Европската комисија за 2024 година, а во рамки на „ЕУ неделата за застапување", директно ги претставивме пред Европскиот парламент и Европската комисија. Дополнително, преку нашето социјално претпријатие ПОГОН, овозможивме економско јакнење на жените што претрпеле семејно насилство, создавајќи можности за нивна финансиска независност.

Во 2024 година, ја засиливме борбата за поголема фискална транспарентност и отчетност на институциите. Со мониторинг на јавните набавки, директен притисок врз Владата преку Советот за ПОВ и конкретни препораки за унапредување на пристапот до информации, осигуравме дека граѓаните добиваат јасен увид во трошењето на јавните средства. Вмреживме организации од регионот, ги зајакнавме капацитетите на институциите и создадовме механизми за граѓанско учество, поставувајќи цврсти основи за трајни реформи и поголема одговорност.

Нашата визија останува јасна: праведно и отчетно општество во кое секој граѓанин има еднаков пристап до своите права.  Во 2024, ја зацврстивме својата улога како двигател на промени во правец на поголема правичност, транспарентност и одговорност на институциите со поддршката на граѓаните за кои работиме, нашите партнери, и поддржувачи. Во следните страници, ќе откриете како во изминатата година придонесовме кон градењето на поинклузивно, транспарентно и праведно општество.

***Тимот на ЕСЕ***



# НАШИОТ ПРИСТАП

## ЦЕЛ 1:
## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

- **Граѓанско учество** – Ги јакнеме жените и мажите, со посебен фокус на Ромските и руралните заедници за да ги познаваат своите права, да следат политики и да бараат отчетност.
- **Докази за промени** – Обезбедуваме истражувања и анализи за влијанието на политиките врз граѓаните, со посебен фокус на ранливите групи, поттикнувајќи подобро креирање и спроведување на услуги.
- **Застапување и одговорност** – Застапуваме за подобри јавни политики и транспарентно управување во корист на граѓаните, со посебен фокус на маргинализираните заедници.
- **Јакнење на отпорноста** – Ги подготвуваме заедниците за справување со кризи и градење долгорочна стабилност.

## ЦЕЛ 2:
## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

- **Пристап до правда** – Јакнеме алтернативни правни услуги и параправници за ранливите заедници, овозможувајќи им активно учество во решавањето на нивните правни проблеми.
- **Глас за ранливите** – Истражуваме и документираме пречки во пристапот до правда и се залагаме за системски промени.
- **Јакнење на жените** – Ги оспособуваме жените кои претрпеле семејно насилство да ги познаваат и остварат своите законски права.
- **Мониторинг на институции** – Ги следиме и зајакнуваме капацитетите на клучните институции кои обезбедуваат правда и заштита.
- **Одржливост и економска поддршка** – Преку социјалното претпријатие ПОГОН обезбедуваме финансиска одржливост за правната помош што ја нудиме и овозможуваме економско јакнење на жените.

## ЦЕЛ 3:
## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

- **Едукација и информирање** – Развиваме и промовираме едукативни материјали за граѓаните и насоки за институциите за подобра фискална транспарентност.
- **Мрежа на експерти и граѓански организации** – Воспоставуваме заедница на практичари за размена на знаење и унапредување на фискалната отчетност.
- **Јакнење на институциите** – Ги зајакнуваме капацитетите на јавните институции и овозможуваме конструктивен дијалог за транспарентност и отчетност.
- **Мониторинг и застапување** – Ги следиме јавните набавки и нивото на проактивна и реактивна транспарентност, поттикнувајќи подобри политики.
- **Дигитални решенија** – Развиваме алатки за граѓанско учество и подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните и институциите.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



Во 2024 година се нотираат истите бариери и проблеми по однос на пристапот на жените до здравствените услуги за женско репродуктивно здравје. Се уште егзистира проблемот со недоволен број на матични гинеколози и нивна несоодветна територијална распределеност. Унапредување се бележи во однос на обезбеденото субвенционирање на работата на ординација со матичен гинеколог во општината Шуто Оризари од страна на Министерството за здравство. Но сознанијата од теренот укажуваат дека доколку субвенционирањето биде прекинато постои ризик гинеколошката ординација да биде затворена. Поради тоа потребно е редовно следење и застапување со цел да продолжи со работа ординацијата, земајќи го во предвид деценискиот проблем со недостиг од матичен гинеколог во оваа општина, во која живеат особено ранливи категории на жени. Исто така продолжуваат и бариерите во пристапот до здравствена заштита за доенчињата и децата, имајќи во предвид дека на целата територија на државата во само околу 110 ординации во примарната здравствена заштита работат доктори специјалисти по педијатрија.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

По однос на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката во 2024 година се бележи сериозно уназадување во однос на начинот на планирање и подготовка на Програмата, како во програмскиот, така и во буџетскиот дел. Имено во Програмата не е наведено колку жени е планирано да бидат опфатени со скринингот, ниту е јасно наведен механизмот за пријавување и поканување за скрининг. Уназадување се бележи и во начинот на претставување на буџетот на Програмата, бидејќи не е наведено колку средства се планирани за секоја активност, ниту колку средства се планирани за скринингот на рак на грлото на матката, туку е претставен само вкупниот буџет за Програмата за скрининг и рано откривање на малигни заболувања. Воедно се бележи сериозно уназадување по однос на транспарентноста и отчетноста за спроведување на Програмата, бидејќи од 2020 година Министерството за здравство нема јавно објавен годишен извештај за програмското и буџетското спроведување на Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања, ниту пак ги доставува извештаите по испратени барања за пристап до информации од јавен карактер. Исто така од 2022 година нема подготвен Извештај за спроведувањето и евалуација на скринингот на ракот на грлото на матката со препораки за унапредување на скринингот. Поради сето наведено, не може да се утврди ниту опфатот на жените со скрининг на рак на грлото на матката за периодот 2022 – 2023 година, ниту може да се направи увид во евентуалните недостатоци и тешкотии во спроведувањето на скринингот.



Како уназадување во програмата за 2024 година се нотира и отстранувањето на ХПВ тестирањето од програмата, како метода која треба да го замени ПАП тестот и која во изминатите години се планираше како пилот мерка. Во 2024 година спроведовме мониторинг на имплементацијата на скринингот за рак на грлото на матката во 2023 година. При недостиг на официјални извештаи, од делумните податоци добиени од Министерството за здравство, може да се направи проценка дека 48 705 жени биле опфатени со скринингот во 2023 година.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

Иако бројот на опфатени жени е значително зголемен од претходните години, сепак опфатени се само околу 11% од целната возрасна група на жени. Доколку и во наредните години продолжи сличен процент на опфат за тригодишен период ќе бидат опфатени околу 35% од жените, што е далеку од предвидената цел за успешен скрининг кој изнесува опфат на 75% од жените за период од три години. Во програмата е предвидено и функционирање на мобилната гинеколошка амбуланта, која е особено значајна за опфат со скринингот на жените од руралните и тешко достапните подрачја. Меѓутоа во 2023 година со мобилната гинеколошка амбуланта се посетени само 8 (осум) населени места и три институции, при што се прегледани 560 жени, од кои 29% се жени на возраст над 60 години, односно не припаѓаатна целната возрасна група за скрининг. Од овие податоци може да се заклучи дека е неопходно да се зголеми обемот на услугите и ефикасноста на мобилната гинеколошка амбуланта со цел да се зголеми опфатот на жените од руралните и тешко достапните заедници. Жените Ромки во континуитет во многу низок процент се опфатени со Програмата за скрининг на рак на грлото на матката, па така нашето истражување покажа дека во 2023 година, само 8% од жените Ромки добиле покана за скрининг. Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2024 година, останува со ист буџетски износ како и во 2023 година, односно 17 милиони денари, што е за 2 милиони денари понизок буџет во споредба со програмата за 2022 година. Во програмата за 2024 година не се предвидени никакви мерки и активности за здравствена едукација за населението и промоција на здравјето на мајките и децата, иако ваков вид на активности беа дел од оваа програма повеќе од една деценија.

Оваа состојба претставува значително уназадување, особено во период кога во државата се бележи низок опфат на децата со одредени вакцини, како и ниска стапка на ексклузивно доење во првите шест месеци од животот.  Вредно е да се напомене дека инвестициите во правилниот ран детски развој и здравјето на новороденчињата и децата не само што придонесува кон подобро здравје на населението, туку и овозможува соодветен раст и развој и градење на индивидуи кои ќе можат да придонесат во сите сфери на општеството. Воедно во програмата за 2024 година не се предвидуваат никакви мерки за едукација на здравствениот кадар (со фокус на патронажните сестри) кои работат на полето на здравствена заштита на мајките и децата, ниту мерки за стручен надзор над работата на патронажните сестри, иако ваков вид на активности беа дел од оваа програма повеќе од една деценија. Оваа состојба може особено негативно да се одрази врз работата на патронажните сестри, бидејќи имаат многу ограничени можности за стручна едукација, а играат важна улога во унапредување на здравјето на мајките и децата. Во програма за 2024 година не е предвиден скрининг за слух кај новороденчињата, иако во претходните години во неколку наврати беше спроведено пилотирање на овој скрининг. Во буџетот на Програмата за 2024 година Министерството за здравство продолжува да предвидува буџетза надоместоци на работа на Државната комисија за биомединцинско потпомогнато оплодување и тоа во износ од 1.8милиони денари (за споредба буџетот во 2023 година изнесуваше 1 милион денари), иако работата на оваа Комисија на никаков начин не придонесува кон остварување на целите на Програмата.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

Позитивен аспекти на програмата за 2024 година е тоа што скринингот за фенилкетонурија од пилот скрининг, преминува во скрининг за сите новороденчиња во државата. Исто така во програмата за прв пат се воведува скрининг за прееклампсија за жените за време на бременоста. Мерките за жени од социјално ранливи категории, иако се предвидени во програмата за 2024 година, буџетската алокација за истите е значително намалена во споредба со 2023 година. Во 2024 година спроведовме мониторинг и анализа на имплементацијата на Програмата за активна здравствена заштита за мајките и децата во 2023 година. Клучните наоди укажуваат дека скрининзите за новороденчиња доследно се спроведуваат, освен што скринингот за метаболни заболувања останува ограничен на само 6 000 новороденчиња и со истиот не се опфатени децата родени во приватните здравствени установи. Најнизок степен на реализација бележат мерките за обезбедување на бесплатни контрацептивни средства за жени од социјално ранливи категории, како и мерките за здравствена заштита на жените жртви на сексуално насилство, пред се поради тоа што услугите се обезбедуваат само на Клиниката за гинекологија во Скопје, како и поради тоа што жените не се запознаени со овој вид на услуги. Во однос на унапредување на здравствената заштита за ромското и руралното население во 2024 година не се бележат значителни системски промени кои би воделе кон унапредена здравствена заштита за овие категории од населението. Стапката на доенечка смртност во 2023 година изнесуваше 1.8 умрени доенчиња на 1.000 живородени, што претставува историски најниска стапка во Македонија и речиси двојно пониска од 2022 година кога изнесуваше 3.2. Изминатите децении забележани се флуктуации во стапката на доенечка смртност, при што после опаѓање забележан е и значителен пораст на стапката на смртност. Оттаму, потребно е континуирано следење на состојбите.



# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА




**Во 2024 година работевме на градење на капацитетите на мрежата на ГО од земјата и регионот, односно Европската мрежа на практичари за социјална отчетност и правно зајакнување чиј секретаријат го води ЕСЕ**

- Ја проширивме мрежата со 8 нови граѓански организации и објавивме 12 ресурсни материјали за социјална отчетност и правно зајакнување.
- Ги подготвивме и издадовме третиот и четвртиот Билтен на Европската мрежа на практичари.
- Спроведовме онлајн обука на тема: „Унапредување на менталното здравје и менталната добросостојба преку застапување: Рамка заснована на пристапот на човекови права за унапредување на менталното здравје“ и организиравме вебинар на тема: „Украдено детство: Работа на влијанието на раните бракови и родово базираното насилство врз децата“.
- Го подготвивме и објавивме „Здравствениот барометар“, кој ги прикажува клучните здравствени индикатори во регионот.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**Работевме на унапредување на здравјето на населението преку примена на методологии за социјална и бихејвиорална промена за практикување на здрави животни стилови и вакцинација на возрасното население и унапредување на комуникациските вештини на здравствените работници**

- Обучивме 42 здравствени работници за унапредување на здравите животни стилови и зголемување на опфатот со вакцинација.
- Спроведовме здравствена едукација за граѓаните, со 207 учесници на работилници, дистрибуирани 20.754 едукативни материјали и испратени 1.682 СМС пораки.
- Организиравме работилница за можностите за идно унапредување на програмата за едукација на здравствени работници и програмата за едукација на население.
- Учествувавме на регионална конференција во Белград, каде што ги споделивме нашите искуства со граѓански организации и здравствени работници од Србија, Молдавија и Босна и Херцеговина.

**Континуирано го следевме планирањето и спроведувањето на превентивните здравствени програми**

- Континуирано го следевме планирањето и спроведувањето на превентивните здравствени програми, изработувајќи методологија за анализа и мониторинг која ја споделивме со партнерските организации.
- Подготвивме анализи на планираните мерки, активности и буџетите на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања за периодот 2019–2024 година, како и мониторинг на нивната имплементација во 2023 година.
- Во соработка со партнерските организации, подготвивме публикација со наоди и препораки за четири здравствено превентивни програми на Министерството за здравство (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за скрининг и рана детекција на малигни заболувања, Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција, и Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита).
- Одржавме средба со Министерот за здравство за унапредување на планирањето и спроведувањето на превентивните програми.
- Во соработка со надворешен експерт подготвивме две публикации: „Главни економски аргументи за инвестирање во програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања“ и „Главни економски аргументи за инвестирање во програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата„.
- Ги презентиравме наодите и препораките од мониторингот на националната конференција „Здравствени политики за сите“ и учествувавме во подготовката на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2025 година.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**Работевме на унапредување на здравјето и здравствената заштита за ромското население**

- Истражувавме и документиравме низок опфат на жените Ромки со програмите за скрининг на рак на грлото на матката и рак на дојката во анализите на превентивните здравствени политики на Министерството за здравство.

**Учествувавме на низа значајни национални и меѓународни настани и процеси, и дадовме свој придонес**

- Учествувавме и дадовме придонес на јавната расправа во Комисијата за здравство во Собранието на РС Македонија за предлог измените на Законот за здравствено осигурување со цел остварување на правото на надомест при породилното отсуство за жените кои се регистрирани земјоделки.
- Учествувавме и дадовме свој придонес во работната група за подготовка на стратегијата за Сексуално и репродуктивно здравје 2024 – 2030 и планирање на превентивните здравствени програми на Министерството за здравство.
- Учествувавме и дадовме свој придонес во подготовка на Стратегијата за работа на регионалната мрежа АСТРА.
- Дадовме придонес во подготовката на „Концептуална рамка за разбирање на потребите и ресурсите на заедниците“ водена од Европската канцеларија на СЗО за Балканот.









# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА




Во 2024 година немаше значителни промени во пристапот на државата кон обезбедувањето на еднаков пристап до правда за жените и другите ранливи групи. Континуираниот недостаток на финансиски и човечки ресурси за спроведување на веќе усвоените стратегии, политики и закони продолжи да го попречува остварувањето на економските и социјалните права на граѓаните и подобрувањето на нивната состојба.

Иако законски е предвидено министерствата да обезбедат годишни буџетски средства за превенција и заштита од родово-засновано и семејно насилство, тоа не се покажува како доволен механизам за ефективно спроведување на овие мерки. Како резултат, во 2024 година не беа преземени суштински мерки за надминување на долгогодишните системски слабости, како што се нецелосното собирање и објавување на податоци, недостатокот на систем за мониторинг и евалуација, недоволна координација помеѓу институциите и неефикасни постапки за истрага и гонење на сторителите на насилство.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Во 2024 година, ниту една институција одговорна за заштита од насилство не објави податоци за пријавените случаи на родово-засновано и семејно насилство. Министерството за внатрешни работи, кое до 2023 година редовно објавуваше квартални податоци, ја прекина оваа пракса, а основните судови и јавните обвинителства не ги спроведоа веќе усвоените правилници за прибирање податоци. Министерството за труд и социјална политика ги нема усвоено потребните правилници, ниту пак беа објавени податоци од Центрите за социјална работа.

Превенцијата на насилството и натаму останува запоставена. Во 2024 година не беше спроведена сеопфатна државна кампања за подигање на јавната свест за семејното насилство и механизмите за заштита. Недостатокот на системска едукација за практичарите во институциите и правосудството и натаму претставува голем предизвик за унапредување на заштитните механизми.

Дел од жените што го пријавиле насилството во Центрите за социјална работа не само што не добиле соодветна заштита, туку биле дополнително трауматизирани, бидејќи нивните случаи биле третирани како „нарушени брачни односи“ и биле упатени да посетуваат психолошко советување заедно со насилникот. Забележана е и пракса на поднесување предлози за привремени мерки за заштита и против самите жени што претрпеле семејно насилство. Недостатокот на механизам за следење на спроведувањето на овие мерки ја загрозува нивната функционалност. Практичарите во Центрите за социјална работа работат со ограничени ресурси и се преоптоварени со други обврски, што го оневозможува ефикасното следење и проценка на привремените мерки за заштита.



# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Во 2023 година во полиција биле пријавени вкупно 6.703 случаи на семејно насилство, што претставува значителен пораст во однос на 5.904 пријави во 2022 година. Бројот на поплаки за семејно насилство е зголемен за 121% во однос на 2017 година. Полициската пракса покажува дека голем дел од овие поплаки всушност се однесуваат на кривични дела, но сторителите на насилство остануваат неказнети.

Анализите на ЕСЕ покажуваат дека семејното насилство ја зголемува финансиската зависност и сиромаштијата кај жените. Дури 80% од жените што претрпеле семејно насилство изјавиле дека им било ограничено или забрането да работат, а 42% останале без работа поради насилството, со вкупни загуби од 3.979.197 МКД. Трошоците за боледување, годишен одмор или неплатено отсуство изнесуваат 670.042 МКД. Жените се соочуваат со високи здравствени трошоци – во просек 4.824 МКД (78 евра) по жена за лекови, а 21% имале потреба од хоспитализација, со значително повисоки трошоци за неосигурените. Дополнително, 75% од жените биле принудени да го сменат местото на живеење, со просечни еднократни трошоци од 34.100 МКД, а трошоците за кирија и превоз достигнале 855.100 МКД. Над 90% од жените се задолжиле за да ги покријат овие трошоци. 38% од жените вложувале во имот во сопственост на насилникот, губејќи вкупно 11.740.000 МКД, а многу од нив се соочуваат со правни трошоци и долгови создадени во заедничкиот живот.

Голем број жени не ја добиваат досудената издршка за своите деца, што ги принудува самостојно да ги покриваат сите финансиски трошоци за нивното одгледување и образование. Дополнително, судовите често не ги земаат предвид сите приходи на родителот кој треба да плаќа издршка, што доведува до определување на износи кои не ги задоволуваат реалните потреби на децата. За подобрување на оваа состојба, неопходно е усвојување на ефикасен законски механизам за задолжително надоместување на неплатената издршкакако и организирање на специјализирани форуми за судиите на регионално ниво, со цел унапредување на судската практика за правично и реално утврдување на висината на издршката, во согласност со потребите на децата.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА




**Работевме на јакнење на капацитетите на ГОи за решавање на проблемите во пристапот до правда за ранливите групи на граѓани**

- Ги зајакнавме капацитетите на новинарите и партнерските граѓански организации во Прилеп, Куманово и Тетово за подобро и одговорно известување за семејното насилство, со фокус на создавање точни и концизни информации што ќе ја подобрат јавната свест за природата на насилството и достапните законски механизми за заштита.
- Ја унапредивме соработката меѓу ГОи и новинарите на локално ниво, што резултираше со подготовка и објавување на медиумски стории за семејното насилство.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

**Обезбедивме докази за потребите на граѓаните во однос на олеснување на пристапот до правда**

- Во соработка со Центарот за истражување и креирање политики и Канцеларијата на Високиот комесаријат за човекови права при ОН, подготвивме Анализа „Leave No One Behind“, која ја прикажува фактичката состојба на ранливите групи, вклучително жени, Роми, лица со попреченост и жители на рурални средини.
- Подготвивме писмен поднесок за годишниот извештај на Европската комисија за 2024 година, анализирајќи напредокот во областите: насилство врз жените, семејно насилство и пристап до примарна здравствена заштита за жените, Ромите, населението од руралните средини.
- Заедно со Коалиција Маргини и Реактор, изработивме полиси бриф за ЕУ институциите за родова еднаквост и заштита на жените што претрпеле семејно насилство. Во рамки на „ЕУ недела за застапување“ во Европскиот парламент и Европската комисија, повикавме на подобрување на политиките, законите и практиките во оваа област организирана од Шведската фондација Квина тил Квина.
- Спроведовме анализа на економските трошоци што ги сносат жените поради семејно насилство, вклучувајќи ја загубената работа, намалени приходи, здравствени трошоци, трошоци за преселба и останати трошоци.
- Подготвивме нацрт анализа за одредување и исплата на издршката за деца, споредувајќи ја висината на издршката со реалните потреби на децата.

**На жените што претрпеле семејно насилство продолживме да им обезбедуваме правна и психолошка помош**

- Обезбедивме правна помош на 178 лица, организиравме 538 состаноци и пруживме психолошка поддршка на 39 лица. Дополнително, застапувавме пет жени во судски постапки.
- Ја подобривме содржината на платформата побарајсовет.мк овозможувајќи поедноставен пристап до информации за семејното насилство, законските механизми за заштита, како и информации и насоки за поддршка на жените од роднините, пријателите и заедницата.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

**Зајакнувавме капацитети на институции надлежни за пристап до правда**

- Преку националниот процес на Партнерството за отворена власт (ПОВ) учествуваме во спроведувањето на посебна цел од новиот НАП за 2024-2026 за подигнување на свесноста за семејното насилство и законските механизми за заштита.
- Организиравме форум на локално ниво со практичари од основите граѓански судови, Центрите за социјална работа (ЦСР), подрачните одделенија за бесплатна правна помош на Министерството за правда и граѓанските организации од Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар, со цел подобрување на граѓанско-правната заштита на жените што претрпеле семејно насилство.
- Обучивме полициски службеници од униформирана полиција и инспектори за подобрување на нивното постапување во случаите на семејно насилство.



**Заедно со жените што претрпеле семејно насилство работевме на нивно економско зајакнување и обезбедување на средства за правна помош преку социјалното претпријатие ПОГОН**

- ПОГОН вклучи 47 нови производители на рачни изработки, кои нудат 356 различни видови производи.
- Преку ПОГОН, 5.736 лица имаа можност да се запознаат со производите, вклучително и оние изработени од жени кои претрпеле семејно насилство.
- Придонесовме кон економско јакнење на четири жени кои претрпеле семејно насилство, обезбедувајќи им можност за финансиска независност.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА




Граѓанското учество во процесите на донесување одлуки во 2024 година останува на ниско ниво, без значајни системски унапредувања. Политиките и одлуките од важност за граѓаните, како на локално така и на национално ниво, сè уште се носат во затворени кругови, без вистинска транспарентност и инклузивност.

Во Северна Македонија, и во 2024 година, граѓанското учество останува ограничено и нерегуларно, главно зависно од иницијативи на граѓанските организации. Властите, иако декларативно се залагаат за отвореност, во пракса најчесто нудат само презентација на веќе донесени одлуки, без простор за суштинско влијание од страна на граѓаните.

Покрај системските пропусти, голем дел од граѓаните и натаму се соочуваат со недостаток на информации и свесност за своите основни права и можности за учество, што претставува уште една значајна бариера за демократизацијата на процесите. Ова е особено изразено во областа на јавните финансии, каде што недостигот на едукација и пристапни информации ги оневозможува граѓаните да анализираат, толкуваат и користат податоци од јавен карактер, како и да бараат дополнителни информации кои се од суштинско значење за нив.

# НА ШТО РАБОТЕВМЕ ВО 2024

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

Во 2024 година, ограничувањата и бариерите за ефективно граѓанско учество во креирањето на фискалните политики остануваат речиси непроменети во однос на претходните години. Недостатокот на капацитети кај граѓанските организации, граѓаните и јавните институции продолжува да биде една од најзначајните пречки кои директно влијаат врз нивното суштинско вклучување. Граѓанските организации сè уште се соочуваат со потешкотии во остварувањето на своето право на информации и учество, како и во разбирањето на веќе достапните податоци, што го намалува нивниот мотив за вклучување во процесите на донесување фискални политики и дискусии со надлежните институции. Од друга страна, јавните институции немаат потребно знаење и мотивација за да го олеснат процесот на транспарентност и вклучување на граѓаните, што ги прави јавните услуги недостапни и го зголемува ризикот од корупција.

Соработката помеѓу практичарите останува минимална, што понатаму ја ограничува можноста за креирање на заедничка агенда за застапување, особено кога станува збор за потребите на маргинализираните заедници. Иако глобалните трендови за фискална транспарентност имаат одредено влијание, дигиталната агенда не го поттикнува вистинското, активно и блиско соработување меѓу граѓанските организации, јавните институции и граѓаните.

Партнерството за отворена власт (ПОВ) и понатаму претставува водечка иницијатива во земјата, преку која граѓанските организации имаат можност да предложат и учествуваат во спроведување на мерки насочени кон унапредување на граѓанското учество, транспарентноста и отчетноста на јавните институции. Сепак, исполнувањето на предложените заложби и натаму останува клучен проблем.

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) продолжи да го координира процесот на ПОВ во земјата, со поддршка од Советот за ПОВ (составен од поширока група чинители) и Работните групи на ПОВ. Во процесот на ко-креирање, граѓанското општество активно го обликуваше опсегот на обврските, особено во однос на испорака на јавни услуги и пристап до правдата. Граѓанското општество продолжи да игра активна улога и во фазата на имплементација, иако нивото на вклученост варираше во зависност од тематската област.

Како и да е, финансирањето од донаторската заедница останува круцијално за прифаќање и исполнување на заложбите за отворена власт. Најзначајните постигнувања во оваа област и понатаму се нотирани преку проекти и активности спроведени од граѓанските организации. Советот на ПОВ и работните групи сè уште немаат доволно влијание и моќ да ги обврзат институциите да постапуваат по преземените заложби.

# ШТО ПОСТИГНАВМЕ

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**Обезбедивме поддршка на граѓаните и јавните институции за унапредување на фискалната транспарентност и постигнување на повисоки и подолготрајни промени**

- Обезбедивме повеќе од десет навремени и разбирливи информации и едукативни материјали за фискалната транспарентност и буџетирањето засновано на приоритети на граѓаните и јавната администрација, со цел промена на ставовите и постапувањето, кои допреа до 8.604 лица
- Овозможивме размена на искуства помеѓу 29 членки на COPASAH Europe во областа на фискалната транспарентност и отчетност преку еден вебинар и овозможивме вмрежување на осум организации од Црна Гора, Албанија и РСМ.
- Продолживме да соработуваме со АВРСМ, МТСП, МВР, МЖСПП, МИОА и МЗ во насока на обезбедување на механизми за граѓанско учество, споделување на информации и градење на капацитетите на вработените во овие институции.

**Работевме на градење на доверба и одржлив развој на иницијативите за унапредување на фискалната транспарентност**

- Продолживме со мониторинг на постапките за јавни набавки на институциите кои обезбедуваат услуги на граѓаните од областа на социјалните и економските права и подготвивме препораки за унапредување на состојбите.
- Учествувавме во работат на Советот за ПОВ 2023 – 2026 година и спроведувањето на најмалку пет мерки предложени од ЕСЕ на кои се обврза Владата.
- Учествувавме на јавни настани на национално и меѓународно ниво каде ги презентиравме нашите наоди од областа на фискална транспарентност и граѓанско учество.
- Работевме на унапредување на пристапот до информации од јавен карактер преку спроведување на 32 постапки за пристап до информации, предлагање на мерки и активности кои ќе придонесат кон зголемување на обемот на информации кои се јавно достапни и мерење на нивото на проактивност и реактивност на институциите и подготовка на годишни извештаи за оценка на транспарентноста.

# ГОДИНАТА НИЗ БРОЈКИ

| | | |
|---|---|---|
| **ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА** | 8 | спроведени анализи и извештаи за политики, буџети и услуги |
| | 9 | процеси на мониторинг на јавни политики и услуги |
| **ПОДДРШКА ЗА ЖЕНИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО** | 178 | жени добиле правна помош |
| | 39 | жени добиле психолошка помош |
| | 5 | жени бесплатно застапувани во судски постапки |
| | 4 | жени економски зајакнати преку социјалното претпријатие ПОГОН |
| **ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И ОБУКА** | 84 | практичари од здравството, полицијата, институциите и медиумите ги зајакнаа своите капацитети |
| | 32 | граѓански организации и нивни претставници обучени и поврзани за размена на искуства |
| | 207 | граѓани опфатени преку едукативни работилници |

# ГОДИНАТА НИЗ БРОЈКИ

| | | |
|---|---|---|
| **ПРИТИСОК ЗА ПОДОБРИ ПОЛИТИКИ** | 5 | учества во процеси за менување на политики и закони |
| | 2 | придонеси кон регионални и меѓународни стратегии |
| | 2 | писмени поднесоци кон извештаите на Европската комисија и Европскиот парламент |
| **ВИДЛИВОСТ И ВЛИЈАНИЕ** | 8.604 | лица се информираа преку нашата веб-страница и социјални медиуми |
| | 25.194 | следбеници на социјалните мрежи |
| | 17 | медиумски написи и гостувања |
| | 12 | објавени ресурсни материјали за социјална отчетност и правно зајакнување |
| | 2 | издадени билтени на Европската мрежа на практичари |
| | 1.682 | испратени едукативни СМС пораки до граѓани |
| | 20.754 | дистрибуирани едукативни материјали |
| | 6 | подготвени публикации |
| | | Подобрена и ажурирана платформа **pobarajsovet.mk** за полесен пристап до правни информации |

# ИЗВРШЕН ОДБОР

**ГОРАН МОЈАНОСКИ**
е економист, магистрирал на Економскиот факултет во Скопје во 2017 година, а сега е докторант на истиот факултет. Професионалната кариера ја започнал како предавач по статистика, а потоа работел на претприемачки и истражувачки проекти во граѓански организации. Од 2015 до 2018 година бил проектен координатор, истражувајќи директни странски инвестиции и инфраструктурен развој во образованието. Моментално работи во приватниот сектор. Поседува низа сертификати за професионална надоградба и обуки за инвестирање, бизнис планирање и јавно говорење.

**МАРИЈА ТОДОРОВСКА**
е дипломиран економист и магистер по социјална работа и социјална политика, со истражување фокусирано на трудова експлоатација и заштита на жртвите на трговија со луѓе. Таа е една од основачките на здружението Отворена порта и од 2010 година е програмска директорка, одговорна за застапување, превенција, едукација и директна поддршка на жртвите. Активно е вклучена во Ла Страда – Европската мрежа против трговија со луѓе, каде што беше и член на управниот одбор (2014–2018). Учествува во национални работни тела за стратегии, акциски планови и законски решенија за борба против трговијата со луѓе. Автор е и коавтор на повеќе публикации, консултант и обучувач во оваа област.

**ЦЕНА ЧАЛОВСКА**
е дипломиран педагог со повеќе од три децении искуство во заштита на жените и децата жртви на насилство. Кариерата ја започнува во 1988 година како инспектор во Министерството за внатрешни работи, фокусирајќи се на малолетничка деликвенција и социопатолошки појави. Од 1995 година е активна во невладиниот сектор, учествувајќи во работни групи за стратегии, закони и протоколи за заштита од семејно насилство (2008–2020). Обучувала полициски службеници и посетители на АСЈО – Павел Шатев во постапување со случаи на семејно насилство. Има долгогодишно искуство во обуки, семинари и истражувања за превенција и заштита на жртвите.

**СЕАД ИСМАИЛ**
е долгогодишен застапник на правата на ромската заедница во Шуто Оризари, со значаен ангажман во локалната самоуправа и граѓанскиот сектор. Завршил високо образование на Факултетот за туризам и угостителство при Битолскиот универзитет. Од 2009 година е Претседател на Советот на општината и член на нејзините работни групи. Активен е во Црвениот Крст, а од 2020 година ја води Здружението Романо Чачипе, каде како Претседател и член на Управниот одбор придонесува за унапредување на правата и развојот на ромската заедница.

**М-р МИХАЈЛО КОСТОВСКИ**
е консултант за заштита на човековите права во областа на здравственото и социјалното осигурување, со фокус на маргинализираните заедници, лицата со попреченост, деца, стари лица и лица во казнено-поправни установи. Магистрирал на „Katholieke University – Leuven“ во Белгија, а дипломирал на Правниот факултет при УКИМ во Скопје. Има работено како Помошник директор на Фондот за здравствено осигурување, државен советник во Министерството за здравство и активен член на државната делегација за меѓународни договори за здравствено осигурување. Учествувал во подготовка на стратешки документи, извештаи и проекти, а соработува со повеќе невладини организации како обучувач за правата од здравственото осигурување, особено во едукацијата на параправници од ромската заедница.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ПРИХОДИ (во МКД)

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ | 13.035.239 | 10.836.193 |
| JSI Research & Training Institute | 4.747.721 | 7.139.453 |
| Европска комисија | 3.506.148 | 241.617 |
| Kvinna Till Kvinna | 2.988.608 | 1.854.459 |
| CIVICA Mobilitas | 729.661 | 729.661 |
| Француска амбасада | 304.878 | 0 |
| Останати донатори (мали грантови, приватни компании, индивидуалци) | 758.223 | 871.003 |
| СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 533.901 | 901.696 |
| Погон - Социјално претпријатие | 81.845 | 15.187 |
| Консултантски услуги | 452.056 | 886.509 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 273.950 | 497.314 |
| Камати и позитивни курсни разлики | 100.977 | 4.609 |
| Вонредни приходи | 172.973 | 492.705 |
| ПРЕНЕСЕН ВИШОК | 14.333.335 | 21.188.389 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 28.176.425 | 33.423.592 |

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## РАСХОДИ (во МКД)

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **ДИРЕКТНИ ПРОГРАМСКИ РАСХОДИ** | **11.662.975** | **16.277.989** |
| Вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџети и услуги | 6.902.901 | 10.930.174 |
| Обезбедување на еднаков пристап до правда | 3.282.294 | 3.126.335 |
| Унапредување на фискалната транспарентност | 1.383.992 | 1.292.825 |
| Економско зајакнување на жените | 89.063 | 897.995 |
| Останати трошоци | 4.725 | 30.660 |
| **УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА** | **2.606.549** | **2.812.268** |
| Трошоци за персоналот за поддршка | 1.128.300 | 1.265.286 |
| Административни/оперативни трошоци | 1.478.249 | 1.546.982 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **14.269.524** | **19.090.257** |

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**
ул. Максим Горки 20-1-4, Скопје
esem@esem.org.mk
www.esem.org.mk



ESE ESE